# VINDICIAE CONTRA TYRANNOS

## Правото на тираноубиство во средновековната христијанска и исламска политичко-правна философија

доц. д-р **Димитар Апасиев**;[1] доц. д-р **Трајче Стојанов**[2]

[1] Државен универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Правен факултет
dimitar.apasiev@ugd.edu.mk

[2] Државен универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Факултет за образовни науки
trajce.stojanov@ugd.edu.mk

***А п с т р а к т***

Во Средниот век, поточно во 1579 година – седум години по бруталниот католички масакр спроведен врз француските протестанти на т.н. Вартоломејска ноќ – во европскиот град Базел излегува од печат популарниот теоретски трактат *Пресудата против тиранинот* (*Vindiciae Contra Tyrannos*), напишан под псевдонимот „Стефан Јуниј Брут" – со алузија на еден од републиканските атентатори на римскиот диктатор Цезар. Овој мошне влијателен ракопис од крајот на XVI век бил очигледно од хугенотски происход, а се претпоставува дека е коавторско дело на француските антимонархистички автори: Хуберт Лонге (Hubert Languet / 1518–1581) – дипломат и верски реформатор и Филип Де Морне (Philippe Du-Plessis-Mornay / 1549–1623) – протестант-калвинист и приврзаник на движењето на монархомасите. Оттука, следејќи ја оваа традиција на заедничарање при пишување контроверзни дела, авторите на овој труд со позајмен наслов – едниот правник, а другиот философ – ќе се потрудат, онолку колку што тоа го дозволува расположливиот простор за еден ваков тип истражување, најпрво да дадат експликативна дефиниција и опис на тиранијата, како изопачен облик на државно уредување – по потреба навраќајќи се и на античките автори (пр. Платон, Ксенофон); а потоа да ја проследат и еволуцијата на радикалната идеја за *тираноубиство* – притоа не ограничувајќи се само на христијанската, туку паралелно вклучувајќи и претставници од исламската политичко-правна философија.

***Клучни зборови***: *средновековие, политичко-правна философија, тиранија, тираноубиство, монархомаси, харицити.*

## *I. За тиранинот*

*А за „молбите“ на тираните –*
*знаеме дека [често] се замешани со принуди.*
***Платон:** Писмо до Дион* (*IV век пр.н.е.*)

**Тиранијата** () е таков изопачен и дегенеративен облик на државно уредување кои многу антички автори и познати философи го сметале за *лош облик на владеење* – вклучително и најголемите умови на т.н. Класична старо-хеленска философска мисла, односно „тријадата:“ Сократ, Платон, Аристотел и др.[1]

На пример, **П л а т о н ()** во својата епистоларна пракса, односно во своите *П и с м а* го користи терминот *тиранида*, и вели дека во таквите држави во кои има т.н. нееманципиран народ, односно каде што луѓето немаат никаква мерка во раскалашеноста и повеќе се вљубеници во телесните наслади и во задоволствата, отколку во доблестите – оние кои ја имаат власта одбиваат дури и да им се спомене некакво праведно државно уредување, со закони кои ќе важат за сите подеднакво – а коешто Платон го означува со терминот „**изономија**“ (грч. *ἰσονομία* / лат. *isonomia*).[2]

Така, уште во своето Второ писмо, кое датира од 361 год. пр.н.е., а е едно од вкупно четирите зачувани писма кои му ги упатил на тогашниот тиранин на Сиракуза – Дионисиј Помладиот (397–343 год. пр.н.е.), откако учтиво му префрла за недоличното однесување и практикувањето **самовластие** – кон крајот, мошне умесено, му го потенцира и ова предупредување од можна идна закана за атентат:

> *А сакам [Дионисије] да те потсетам [тебе лично] дека и повеќето други трагедиографи [а не само споменатиот Еврипид], кога покажуваат како некој властодржец [и автократ] умира убиен од некого [на кој му згрешил – речиси секогаш, без исклучок,] го претставуваат како [кука, плаче] и се жали [велејќи]: ‘Напуштен од пријателите, кутриот јас, [сега] умирам![3]’.*[4]

Понатаму, во своето Второ писмо (ок. 354 или 353 год. пр.н.е.) од вкупно четирите зачувани посланија упатени до осомничениот и прогонет заговорник Дион и неговите роднини и пријатели – а кое, воедно, е и најдолгото зачувано Платоново писмо, тој дава интересен опис по сеќавање на владеењето на **Триесеттемината**

---

[1] Колку за илустрација, надалеку позната е Аристотеловата поделба - дадена во неговото дело *Политика* – каде што ги дели државните облици на „добри“ (базилеја + аристократија + политеја) и „лоши“ (тиранија + олигархија + демократија) – во зависност од тоа дали во нив се почитуваат законите или не; и дали се штити јавниот или, пак, приватниот интерес.
[2] Платон, „Седмо писмо“, *Писма*, Магор, Скопје, 2015, 83.
[3] Trag. Gr. *Frag. Adesp*. 347 (Nauck).
[4] Платон, *Прво писмо*, op. cit., 37.

**тирани** во Атина,[5] кое се случило по насилниот преврат на архонтите против тогашното демократско уредување на полисот:

> *...Имено, јас [кој тогаш бев сѐ уште млад и неискусен, си] мислев дека тие ќе управуваат со државата на начин што ќе ја водат од некаков неправеден живот, кон праведен, па [во еден период] целосно им се посветив, со сиот свој ум, [за одблиску да следам] што всуштнос прават. Но, согледав дека некако, [и тоа] за мошне кратко време, луѓето оценија дека претходното државно уредување е „златно“ [во споредба со новото]... Согледувајќи ги сите овие [неправични, неморални и насилни] дејанија, а и некои други такви [кои беа] не баш безначајни, [јас] се почувствував [изневерено и] огорчено, па [сосем се повлеков од јавниот живот и] отстапив од лошите работи [кои тогаш се случуваа]. Не помина долго време, па се растури владеењето на Триесетмината и целиот тогашен систем на државно уредување [и тиранско владеење. Дури] тогаш, повторно, ми се роди желба , сепак, да правам нешто [добро] за општествените и за државните работи. И во тие [турбулентни времиња и вонредни] околности, што и самите беа [драматични и мошне] вознемирувачки, се случуваа многу работи што кај некого би можеле да предизвикаат [оправдано] чувство на згрозеност – па [можеби затоа] воопшто не е чудно што некои [луѓе], за време на промените, премногу жестоко им се одмаздуваа на своите [политички] непријатели. Сепак, оние кои се вратија,*[6] *постапуваа со многу поголемо внимание [и грижливост].*[7]

Во продолжение на истово писмо, пак, Платон дава дескрипција на тиранијата и профил на личноста и карактерот на **тиранинот –** велејќи:

> *...Вие сте трети на кои им го давам истиов совет. Нека не биде Сицилија, ниту кој било друг град-држава (polis) поробена од луѓе владетели - тоа е моето учење - туку, [нека биде „поробена“] од закони! Оти тоа не е подобро ниту за поробувачите, ниту за поробените; ниту за самите нив, ниту, пак, за нивните деца или за децата на нивните деца – туку таквиот обид, во секој случај, носи пропаст [и несреќа]. А ситни и неслободни души, кои не познаваат ништо што е добро и праведно за иднината или за сегашноста - за божјите или за човечките работи - милуваат да се грабаат до таква [незаслужена] добивка [и притоа стануваат алчни и груби...*[8]

---

[5] А некои од Триесетмината тирани му биле и роднини, пријатели или познаници на Платон. На пример, вујкото на Платон – Хармид и платоновиот братучед Критија биле во составот на атинските тирани.

[6] Се мисли на демократите под водство на Трасибул (ок. 440–388 год. пр.н.е.) – атински војсководец и државник.

[7] Платон, *Седмо писмо*, op. cit., 78–80.

[8] Платон, *Седмо писмо*, op. cit., 100–101.

*Јас, пак, ви велам дека] треба да се смета за помало зло ако некоја голема грешка и неправда некој ги поднесува, отколку ако ги нанесува!*[9] *Но, вакви [возвишени] учења не слуша чивек кој е [властољубец и] среброљубец, [а згора на тоа] и со бедна душа; или, пак, дури и да слуша, им се потсмева [на ваквите благородни совети] – како што самиот [возгордеано] си мисли, додека од сите страни бесрамно граба сѐ што му се чини дека може да му се најде – како некој ѕвер... [А] таквиот [несреќен] човек е слеп и неспособен да согледа со каква тежина на гревот е обременето секое [негово] престапничко [и тиранско] дејствување, и таа тежина нужно е да ја носи со себе секој оној [владетел] кој дејствувал неправедно – како додека се вртка на Земјата, така и тогаш кога ќе се врати под Земјата, по [еден] недостоинствен пат и, во секој случај, насекаде [чувствувајќи се низок и] беден.*[10] *[...]*
*Од истиве причини настрада и [мојот правдољубив ученик] Дион, оти и покрај тоа што не му беше непознато колку се злобни оние кои го [убија и] уништија – сепак, [тој] не сфати до која точка на глупоста [и лудилото] тие стигнале и на каков [најдолен] вид на искривоколченост и лакомост [се спремни]. Поради ова, поразен тој падна, а Сицилија ја завитка во неизмерна тага...*[11]

Следната година, во своето Трето писмо (ок. 353 / 352 год. пр.н.е.) упатено до роднините и пријателите на Дион – Платон го дава историјатот за тоа како настанала тиранијата на островот Сицилија, кога во исцрпувачката војна со моќната Картагина граѓаните одлучиле да изберат свој привремен диктатор, односно „водач со големи [и проширени] овластувања“ или т.н. **автократ** (*αὐτοκράτωρ*) – па заклучува:

*Тогаш, [во тие кризни времиња, Сицилијците] го избраа Дионисиј [Постариот], како млад и воинствен [човек,] да ги води [и командува] воените акции за кои тој беше обучен, а за советник му го поставија постариот Хипарин и нив ги именуваа за автократи – спасители на Сицилија или, како што велат, тирани...;*[12] *Како и да е, [дали поради божествената волја или поради доблеста на*

---

[9] За истото ова Платон расправа и во своите дијалози: *Горгија* и *Политеја*. Спореди: *Lisis*, 217-b.

[10] Платон, *Седмо писмо*, op. cit., 102.

[11] Платон, *Седмо писмо*, op. cit., 140.

[12] Платон подолу во текстот забележува дека, според мислењето на самите граѓани, пред власта на Дионисиј и Хипарин на Сицилија се живеело среќно – при што тие имале „живот исполнет со задоволства“, а самите жители управувале со оние кои биле избрани да управуваат, односно имало елементи на она што денес го нарекуваме „контрола на власта“. Сиракужаните, исто така, ги каменувале до смрт Десетмината стратези кои биле претходници на тиранинот Дионисиј Постариот, а тоа го сториле без судски процес – за да покажат дека никому нема да робуваат, па дури ни на правосилен господар (*dominus*), туку дека во сѐ ќе се однесуваат како слободни луѓе, а не како робови (*servi*).

*владетелите,] на овој начин, тогаш се изврши успешно спасување на генерацијата граѓани [на Сиракуза]... Но, во следниот период практикувањето на тиранидата [очекувано, поради човечките слабости и поради расипливиот карактер,] го злоупотреби дарот кој ѝ беше даден од [народот и од] државата.* [...][13] *И сега, мојот [стар] совет до секој тиранин би бил да ја избегнува тиранидата – и како именување, и како практикување – и, доколку е можно, да ја замени со [монархија, односно со] кралство. А дека тоа е можно докажа [спартанскиот законодавец] Ликург, кој видел како неговите роднини во Аргос и Месена од кралеви стигнале до тирани, притоа уништувајќи се самите себе си, меѓусебно едни со други и, на крајот, и сопствениот дом [им се запустел]... И токму поради ова, тие [Спартанците] останале безбедни и славни за време на сите [нивни] генерации – откако Законот стана главен владетел над луѓето, а не луѓето да бидат владетели над законите! [Затоа,] ова е мојот завет со кој сите ве повикувам и ве обврзувам: Оние кои се наклонети на тиранидата, [најдобронамерно] ги советувам да се откажат од тоа и [со време] да побегнат [подалеку] од она што е [божемна] среќа за ненаситно гладните [за моќ] и неразумни луѓе, па да се обидат да го заменат државното уредување со кралство – и да им служат [само] на [добрите] кралски закони, при што поседувањето на највисоки [државнички] почести би било израз на доброволното прифаќање од страна на граѓаните, како и на [владеењето на] законите.* [...][14] *Оти и прекумерната потчинетост и прекумерната слобода, секое од овие две е големо зло; а ако е умерено – тогаш е големо добро. Умерената потчинетост се однесува на Бог, а неумерената потчинетост – на луѓето. Законот е Бог за разумните, а за неразумните – тоа е задоволството.* [...][15] *[Затоа,] законите нека господарат и над обичите граѓани, но и над самите кралеви – во случај [кога] овие да постапуваат незаконски [и противправно].*[16]

***

Во продолжение, ние посебно би го издвоиле не толку експонираниот антички автор **К с е н о ф о н** (430–354 год. пр.н.е.),[17] кој е творец на еден од првите

---

[13] Платон, *Осмо писмо*, op. cit., 143.

[14] Платон, *Осмо писмо*, op. cit., 145–146.

[15] Платон, *Осмо писмо*, op. cit., 147. За Платоновата идеја за божественоста на законите види и *Leges*, 762-е; а за злото од претераната слобода спореди *Rep*. 564-а.

[16] Платон, *Осмо писмо*, op. cit., 149.

[17] Бил роден во Атина, а потекнувал од аристократско семејство – но, неговите современици, се чини со право, го сметале за *атинофоб*, затоа што бил фасциниран од уредувањето на атинскиот ривал Спарта, па сè она што во Атина било доблест и Перикле го фалел во демократското устројство на овој прочуен полис, Ксенофон го презирал и го критикувал. Тој бил човек со цврсти морални погледи за политиката и самиот се претставувал како пријател на уреденоста, хармонијата и одмереноста – но,

текстови во западната политичка философија кои целосно се однесуваат на оваа тема – а кој носи наслов *Хиерон*, со поднаслов „За тиранинот на Сиракуза“.[18] Имено, Ксенофон е еден од најпознатите Сократови ученици, покрај Платон, кој зазема мошне значајно место во политичката мисла на Хелада (Стара Грција). Велел дека управувањето со полисот треба да го вршат најспособните, а според него **водачот-херој** треба да ги има следниве „врвни квалитети“ – супериорност, авторитет, интелект, трудољубивост, физичка издржливост и доблести т.е. морални особини кои треба да бидат посилни од неговите инстинкти и лични желби. Всушност, некои автори – пр. Marcel Prélo, Georges Lescuyer и др. – велат дека Ксенофон пропагирал своевиден *политички пост*, бидејќи според него водачот треба да биде отпорен на привилегиите и злоупотребите на власта, постојано да се присилува и контролира себе си, откажувајќи се од почестите, привилегиите и удопствата кои ги носи власта:

> *Водачи не се оние кои носат жезло, ниту оние кои се избрани од толпата, ниту оние кои го наследиле престолот, ниту, пак, оние кои со сила и лукавство се докопале до власта. Водачи се само оние кои знаат да командуваат! [...] Водачот секогаш е во служба на оние со кои командува, оти тие го избрале [токму него] поради неговите квалитети [како личност и како карактер], со цел да ги брани нивните интереси... – [па затоа тој] наликува на капетанот на брод кој е во опасност, на агрономот на заболените полиња, на лекарот во болницата или на воспитувачот во гимназионот.*[19]

При дескрипцијата на тиранската форма на владеење, ние најмногу ќе се задржиме токму на споменатото Ксеонофоново дело ***Хиерон*** *или За тиранинот* (год.). Имено, од вкупно единаесет поглавја во овој древен ракопис кој датира од IV век пр.Хр. – дури седум се посветени на описот на тиранинот, како самодржец и владетел со одредена политичка заедница или држава. Списот е напишан како дијалог, т.е. разговор кој се води помеѓу тиранинот Хиерон (вл. 478–466)[20] – владетелот на Сиракуза и поетот Симонид – човек со Сократовски погледи за државното уредување. Во ова дело, слично како на учителот Сократ, Ксенофон

---

всушност, бил сметан за авантурист и „човек од акција“ – па, своевремено, бил и воен командант на експедициите во Мала Азија. Подоцна тој е протеран од Атина, поради непријателство кон атинскиот демос и соработката со Триесетте тирани, па дваесетгодишниот *егзил* го поминал во Спарта; а одредено време живеел и на Коринт, каде што и починал – занимавајќи се со земјоделство и со пишување на своите дела.

[18] Други познати Ксенофонови дела се: *Меморабилиа* (Спомени за Сократ), *Апологија* (Сократова одбрана), *Симпозион* (Гозба), *За економијата*; *Хеленска историја*, *Уставот на Спарта*, *Воспитанието на Кир*, *Анабаса*, *Агесилај* и др. Наведено кај: Светомир Шкариќ и Ѓорге Иванов, *Политички теории – Антика*, Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје, 2006, 251–253.

[19] Xenophon, *Memorabilia*, Cornell University Press, Ithaca & London, 2001, I.2. – цит. сп. Шкариќ и Иванов, op. cit., 254.

[20] Хиерон / Хиеронт бил тиранин на градот Сиракуза, на островот Сицилија, кој водел успешна воја против Картагинците.

разликува два монархистички облика на „владеење на поединецот“: едниот добар – базилејата; а другиот лош – тиранијата. Кај **базилејата**, олицетворена во *персискиот образец*, монархот владее „врз основа на законот“: тука кралот е апсолутен, но со такво воспитување кое му попречува да ја злоупотребува власта за лична корист. Суверенот не е семоќен деспот, туку одговорен владетел опкружен со благородници и мудри советници; а при владеењето доминираат разумноста, правдата и заедничките државни интереси – па, всушност, станува збор за кралство во кое народот доброволно му се потчинува на владетелот-заштитник, кој се восприема како „добар пастир“.

Спротивно од ова, **тиранијата** ги има следниве суштински белези – кои, без некои посериозен проблем, се чини дека можат да се препознаат и кај некои современи држави:[21]

(1) *Приватни бизнис-интереси* – тиранинот управува исклучиво според личната волја и ќеф, а не според општиот јавен интерес на заедницата или пошироките државни интереси, притоа владеејќи спротивно или „надвор од законите“ – непочитувајќи ги ниту пишаните (*ius scriptum*), ниту непишаните закони (*ius non scriptum*). Ова отсуство на секаква контрола во неговото работење, кога-тогаш неминовно резултира со негово карактерно расипување и склоност кон корупција која, пак, доведува до прекумерно богатење и ирационално луксузирање, дури и во ситуации кога народот тоне во сиромаштија;

(2) *‘Стаховлада’* – тиранијата е владеење без согласност на владеаните, односно тиранинот владее „спротивно на волјата на потчинетите“, најчесто применувајќи сила (*vis armata*) врз своите политички противници и опоненти – што, пак, придонесува за постоење на една општа клима на страв и правна несигурност на граѓаните. Од една страна, тој е присилен да ја зголемува строгоста на своето владеење, за да опстане што подолго на власт; а, од друга стана, токму со таквото силеџиско владеење објективно и секојдневно само го зголемува бројот на своите потенцијални непријатели кои би сакале насилно да го соборат од власт;

(3) *Завереничка атмосфера* – тиранинот има параноичен страв од тоа да не ја загуби власта, па несекаде измислува внатрешни или надворешни непријатели, велеиздајници, предавници, шпиуни и сл. Тој поседува и нерационален страв од евентуална смрт, предизвикана по пат на негова физичка ликвидација – бидејќи, плашејќи од можен атентат или насилен преврат, во сите и во сѐ гледа закана и потенцијална опасност. Поради тоа, тој е опкружен со многубројна вооружена

[21] Колку за илустрација, во античка Хелада постоеле голем број тирани: 106 во првата демократска фаза на Стара Грција (VII–VI век пр.н.е.) и 128 во втората демократска фаза (V–II век пр.н.е.). Наведено кај Leo Stauss, *O tiraniji*, GZH, Zagreb, 1980, 198–199.

стража, но кај него нема никаква животна радост, а неговата внатрешна душевна состојба Ксенофон ја опишува како „очајна“.[22]

(4) *Некадарна администрација* – тиранинот, најчесто, е опкружен со подлизурковци чиј усти се полни со ласкања, лажни пофалби, хвалоспеви и „панегирици“ кои го величаат ликот и делото на владетелот, а најстрашното е тоа што и самиот тој знае дека она што му го говорат и благоглаголат овие неспособни чиновници, едноставно не е вистина.

## *II. За тираноубиството*

*А како тоа, Хиероне, ако тиранската власт е толку бедна*
*– никој досега самиот се нема откажано од таа „беда“?*
***Ксенофон**: За тиранинот (IV век пр.н.е.)*

### 1. Тираноубиството во Христијанската традиција

Убиството на „лудите владетели“ или, пак, на озлогласените деспоти, тирани, диктатори, па дури и трибуни – не било непозната практика кај старите народи во Антиката или во Средниот век.[23] Но, првите теориски оправдувања на тираноубиството во западната христијанска духовна традиција ни ги даваат **Монархомасите**.

### 2. Тираноубиството во Мухамеданската традиција

[22] Ksenofont, *Hieront ili O tiraninu*. GHZ, Zagreb, 1980, 9. Инаку, во историјата, потврдени се и случаи на навистина ментално болни кралеви, т.е. „луди владетели“ со дијагностицирани психички растројства од типот на мегаломанија, шизофренија, параноја, деменција, порфирија, аутизам и сл. Тука би ги споменале: вавилонскиот крал Навуходоносор II (605–562 год. пр.н.е.); дел од римските императори од Јулио-Клаудиевата династија (Калигула, Клаудиј и Нерон); францускиот крал Шарл VI Лудиот (крајот на XIV век); романскиот гроф Влад Тепеш – Дракула (XV век); англискиот крал Џорџ III (1738–1820); италијанскиот Голем херцог на Тоскана – Жан Гастон Медичи (XVIII век); германскиот крал Луј II Баварски; дел од руските цареви (Иван IV Грозниот, Иван V, Иван VI, Петар I и Петар III). А од современите луди владетели би ги издвоиле: нацистичкиот фирер Адолф Хитлер; угандскиот диктатор Иди Амин Дада и др.

[23] На пример, во Римската политичка историја убиени се: браќата Грах, Цезар, Калигула и др. Во Византија, пак, од вкупно императори од природна смрт умреле само ????

а) Кај муслиманите, идејата за тираноубиство меѓу првите ја среќаваме кај **И с м а и л и т и т е** – една од гранките на шиитското толкување на исламот. До X век тоа е повеќе религиозна секта со строга вертикална хиерархија, но подоцна се претвора во самостојно религиозно-философско учење, станувајќи дури и официјална доктрина на државата на **Фатимидите** во Египет (X-XII век) – при што *Школата во Каиро* била една од најпознатите за изучување на овој сложен религиозно-духовен систем.

б) Едни од првите „терористи“ или професионално обучени атентатори во Арапскиот свет се **А с а с и н и т е** кои, всушност, се т.н. *низариски исмаилити*, а почнуваат да дејствуваат како идеално организирано тајно општество во XII век. Името асасини им го даваат христијанските историчари,[24] поради фактот што користат психотропни супстанци (првобитното етимолошко значење на зборот асасин означува „оној кој е под влијание на хашишот“, а подоцна се значењето се трансформира во „невидлив убиец“). Со помош на наркотикот тие запаѓале во таква состојба на умот која им овозможувала да навлегуваат во повисоки езотерични сфери, па не ретко им биле приишувани и необични т.е. натприродни особини. Впрочем, нивната доктрина го поврзувал исламот со влијанија од индиската мистика и грчката философија, а нивното свето **Учење** се засновало врз тоа дека невидливиот Бог (Алах) го создал Светскиот разум – кој, пак, ја создал Светската душа. Од нивното соединување настанала Првичната материја, која го сочинува целиот видлив овоземски свет.

На чело на асасините стоел неприкосновениот, харизматичен и храбар т.н. **Старец од планините** кој бил нивниот врховен религиозно-политички поглавар и за кој се верувало дека е тој кој решава кој владетел ќе живее, а кој ќе умре.[25] За *фанатизмот* на неговите следбеници, кој потсетува на психологијата на денешните „бобаши-самоубијци“, ни пишува Вилхелм од Тир (ок. 1185), кој вели:

> *Асасините имаат обичај да избираат водач не според наследното право, туку според заслугите [и способностите]. Пренебрегнувајќи ги сите титули, тие едноставно го нарекуваат Старецот [од планините]. Луѓето му се толку приврзани и верни на тој [врховен] водач, што за нив не постои задача што не би ја исполниле заради него [или ако е наредена од него и тие се подговени, во секој миг, да умрат – само ако водачот го побара тоа од нив]...*

---

[24] За нив, во XII век, пишуваат следниве христијански хроничари: Бенџамин од Тудела (1167 год.); Герхард од Стразбур (1175); Вилхелм од Тир (1185); морепловецот Марко Поло и др.

[25] Позначајни „старци“ кои вреди да бидат издвоени се: Хасан Ибн Сабах – роден во шиитско семејство во градот Хорас, во областите на денешен Авганистан; и надалеку познатиот Синан – кој ја дал наредбата да биде ликвидиран египетскиот султан Саладин/Селадин.

Така, во целиот тогашен Арапски свет, луѓето знаеле дека ако Старецот нареди некој да биде убиен, нема начин тој човек да ја избегне пресудата и казната – без оглед на неговата моќ или позиција. Затоа, за да го заштитат својот живот, дури и имногумина владетели му плаќале своевиден „рекет“ т.е. **данок на безбедност**. Но, погрешно е да мислиме деака просторот на кој дејствувале Асасините бил само во Азија и во Северна Африка, туку тие стигнале дури и до Европа – па тамошните христијански кралеви, кои ги спонзорирале Крстоносните походи, се труделе да се држат подалеку од нивните луѓе и да не влегуваат во никаков конфликт со озлогласените Асасини.[26] Тука, за да го илустрираме авторитетот што своевремено го имала нивната организација, само накратко ќе ја дадеме епизодата со египетскиот султан Саладин т.е. *Салах ад-Дин*, кој прво имал склучено пакт за ненапаѓање со Асасините, но подоцна се полакомил и решил да ги нападне со силно вооружена и многубројна војска. По изречената смртна пресуда против него, првиот атентат бил неуспешен – но, набрзо потоа, Асасините му покажале колку всушност се опасни. Имено, во јули 1176, султанот тргнал во следен поход кон нив, опсадувајќи ги бедемите на една нивна тврдина. Тогаш, во логорот на Египќаните влегол дипломатски пратеник на Асасините кои разговарал директно со султанот кој, пак, бил чуван од страна на двајца свои најверни телохранители. Но, во еден момент асасинскиот пратеник им дал наредба на „верните стражари“ да го убијат својот султан! Кога Саладин веќе се готвел да умре, асасинот ја сменил командата поштедувајќи го животот на владетелот, но давајќи му незаборавна лекција дека никогаш и никаде не може да биде сигурен за својот живот ако си игра со Старецот од планините. Историчарите потврдуваат дека по овој неверојатен настан, Саладин веднаш ѝ на својата армија да се повлече, и никогаш повеќе не тргнал против Асасините.

Легендите и записите за специјалната обука на „невидливите убијци“, на моменти, заличуваат на народна приказна, која е слична на познатиот јаничарски систем на регрутација – својствен за подоцнежната Отоманска империја на Турците. Имено, Старецот бил одговорен за врбување на следбениците, кои најчесто биле млади 12 годишни момчиња, подвргнувани на посебно осмислени процеси на обука – слично на денешните тајни агенти во разузнавачките агенции. Се верува дека тие поминувале некаква посебна програма за верност и „измивање на мозокот“, каде преку помрачување на совеста, биле доведувани во наркотичен сон и потоа

---

[26] На пример, познат е случајот со францускиот крал Луј IX за време на подготовката на двојот прв Крстоносен поход против Арапите (1248). Кога информацијата за ова стигнала до Старецот од планините, тој испратил двајца свои атентатори во Марсеј, со цел да го убијат кралот. Но, тие биле откриени и уапсени од кралското обезбедување – ама кралот, плашејќи се од одмаздата што сигурно би го чекала доколку ги убие, решил да им го поштеди животот, враќајќи ги назад – притоа дури и дарувајќи ги богати дарови за Старецот.

пренесувани во посебен тренинг-центар кој бил нарекува **Рајска градина**, каде останувале и по неколку години. Во овој воен камп, ним им била исполнувана секоја желба и грижата за нив била врвен приоритет, со цел тие никогаш да не посакаат да го напуштат. Избраните посветеници на оваа радикално-екстремистичка доктрина тука, во оваа своевидна касарна, биле обучувани на „кралски манири“ во однесувањето, притоа учејќи ги да читаат и пишуваат на разни јазици; а нивната душа била облагородувана со предавања од религија и философија – при што, исто така, имале познавања и од граматика, математика и астрономија. Но, по долгите обуки, неминовно доаѓал денот кога Старецот испраќал некого од нив во *тајна мисија*, односно на специјална задача, која морала да биде компатибилна со нивното учење и со нивните идеали кои ги проповедале и следеле. На избраникот му го давале прекарот „Прогонетиот“ кој, за повторно да се врати во тајната база, морал целосно да ја исполни задачата. Системот бил таков што доколку асасинот останел жив и по успешното комплетирање на задачата, тој навистина се враќал во „Рајот“ на земјата; но, доколку загинел, верувале дека оди директно во небесниот Рај.[27]

Своето воено и политичко значење сектата го добива откако ја презема тврдината **Аламут**, или во превод „Орлово гнездо“, која се наоѓала во високите планини на северозападна Персија и таму создава сопствена муслиманска држава, односно *калифат*. Тврдината Аламут ја претвориле во своја престолнина и главна база за делување, која била појдовна точка за нивните мисии и тајни задачи усмерени кон различни земји и владетели. За само неколку години, благодарение на нивниот воинствен дух, Асасините освоиле големи територии – од Персија до Сирија – користејќи ја „идеологијата на мечот“. Во 1126 година тие успеваат да го освојат замокот Банјас, кој се наоѓал на тогашната граница со христијанскиот свет, и до 1140 год. веќе располагале со осум тврдини од каде ги планирале и започнувале своите походи против католичките Крстоносци, кои од нивните специјални одреди на смртта се плашеле како од „живи ѓаволи“. Нивната држава постоела сѐ до средината на XIII век, поточно до 1256 год. кога била уништена од нападите на Монголите. Така, со тек на времето, распрснатите асасини, кои биле третирани како „еретици“ – поради прогонствата на кои биле изложени како од од страна на ортодоксните Сунити, така и од шиитските верски авторитети – поминале во илегалност, па нивното учење, во завиена форма, полека станува дел од фолклорот и народната традиција на муслиманските Арапи.[28]

---

[27] *Избор* (15.IV.2002), Ѓурѓа, Скопје, 15.

[28] Ако треба да се направи аналогија со случувањата во христијанскиот свет, најблиска е судбината на Богомилите (на Балканот) или Катарите/Албижоните (во Западна Европа), чие учење продолжило да опстојува меѓу народот и по нивното официјално уништување – скриено преку *трубадурската традиција*.

в) **Харицитите**